Република Македонија

ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

Службен гласник на општината Демир Хисар, излегува по потреба. Цена: 50,оо мкд. Годишна претплата: 500,оо мкд
е - mail: opstinademirhisar@yahoo.com; www.demirhisar@gov.mk; тел/факс: (+389) 47 -552-661

**Бр. 7**

**25.06.2020**

Демир Хисар

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /„ Службен весник на РМ„ бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /„Службен гласник на Општина Демир Хисар„ бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13, 18/14 и 10/19 година/, донесувам

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Квартален извештај за иврршување на Буџетот на Општина Демир Хисар за извештајниот период за квартал 01.01.2020 до 31.03.2020 година**

1.Го објавувам Заклучокот за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Демир Хисар за извештајниот период за квартал 01.01.2020 до 31.03.2020 година донесен на 39-та седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 23.06.2020 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.08-588/1 Општина Демир Хисар
25.06.2020 година Градоначалник
Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа /„Службен весник на РМ" бр. 5/02/ и член 43 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Демир Хисар /„Службен гласник на Општина Демир Хисар"бр.3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14 и 10/19/ Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 23.06.2020 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Демир Хисар за извештајниот период за квартал 01.01.2020 до 31.03.2020 година**

1.СЕ УСВОЈУВА Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Демир Хисар за извештајниот период за квартал 01.01.2020 до 31.03.2020 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр. 17- 546/3 Совет на Општина Демир Хисар
23.06.2020 година Претседател,
Демир Хисар Благоја Станојоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /„ Службен весник на РМ„ бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /„Службен гласник на Општина Демир Хисар„ бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13, 18/14 и 10/19 година/, донесувам

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување на Одлуката за проширување на средствата на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2020 година**

1.Ја објавувам Одлуката за проширување на средствата на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2020 година донесена на 39-та седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 23.06.2020 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.08-588/2 Општина Демир Хисар
25.06.2020 година Градоначалник
Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 34 од Законот за Буџетите (Сл.весник на РМ бр. 64/2005,103/2008, 56/2009, 95/2010, 180/2011,171/2012, 192/2015,167/2016) и во врска со член 43 став 1 точка 2 од Статутот на општина Демир Хисар (Сл.гласник на општина Демир Хисар бр. 03/02, 04/05, 07/09, 13/14, 18/16, 10/19) Советот на општина Демир Хисар на 39 седница одржана на 23.06.2020 година донесе

# О Д Л У К А

За проширување на средствата на Буџетот на Општина **ДЕМИР ХИСАР**

За **2020** година

**Член 1**

Со оваа одлука се врши проширување на средствата на Буџетот на ОпштинаДЕМИР ХИСАР за 2020 година, на следниот начин :

| Потпрограма<br>Потставка | САМОФИНАН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|
| **Се зголемуваат приходите на следните потаставки :** | | | | |
| 744311 Други тековни донациии | 0 | 0 | 64.830 | 0 |
| | **0** | **0** | **64.830** | **0** |
| **и се распредуваат на следните расходни потаставки :** | | | | |
| **N20 СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | |
| 420120 Патување во земјата - патни расходи | 0 | 0 | 31.080 | 0 |
| 423110 Канцелариски материјали | 0 | 0 | 9.000 | 0 |
| 423410 Прехранбени продукти и пијалаци | 0 | 0 | 13.500 | 0 |
| 425920 Услуги за копирање, печатење и издавање | 0 | 0 | 11.250 | 0 |
| | **0** | **0** | **64.830** | **0** |

**Член 2**

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Демир Хисар и станува составен дел на Буџетот на општината за 2020 година

Бр. 17-546/4

Претседател на Советот на Општината

**БЛАГОЈА СТАНОЈОСКИ**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 34 од Законот за Буџетите (Сл.весник на РМ бр. 64/2005,103/2008, 56/2009, 95/2010, 180/2011,171/2012, 192/2015,167/2016) и во врска со член 43 став 1 точка 2 од Статутот на општина Демир Хисар (Сл.гласник на општина Демир Хисар бр. 03/02, 04/05, 07/09, 13/14, 18/16, 10/19) Советот на општина Демир Хисар на 39 седница одржана на 23.06.2020 година донесе

# О Д Л У К А

**за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина ДЕМИР ХИСАР**

**за 2020 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина ДЕМИР ХИСАР за 2020 година на следниот начин :

| Потпрограма Потставка | | БУГЕТ | САМОФИН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **MB0** | **ПРЕКУГРАНИЧНА СОРАБОТКА** | | | | | |
| 420110 | Патување во земјата - хранарина (дневница) | 0 | 0 | 0 | 36.000 | 0 |
| 421410 | Горива и масла (моторни возила) | 0 | 0 | 0 | 39.831 | 0 |
| 421440 | Транспорт на луѓе | 0 | 0 | 0 | -14.000 | 0 |
| 464990 | Други трансфери | 0 | 0 | 0 | -61.831 | 0 |
| **N20** | **СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | | |
| 401130 | Основни плати - други вработени | 0 | 0 | -16.733 | 0 | 0 |
| 401310 | Персонален данок на доход од плата | 0 | 0 | -8.826 | 0 | 0 |
| 402110 | Основни придонеси за ПИО | 0 | 0 | -46.086 | 0 | 0 |
| 402210 | Основни придонеси за здравство | 0 | 0 | -18.627 | 0 | 0 |
| 402220 | Основен придонес за професионално заболување | 0 | 0 | -1.266 | 0 | 0 |
| 402310 | Основни продонеси до Агенцијата за вработување | 0 | 0 | -3.113 | 0 | 0 |
| 464910 | Плаќање по судски решенија | 0 | 0 | 94.651 | 0 | 0 |
| | | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |

**Член 2**

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Демир Хисар и станува составен дел на Буџетот на општината за 2020 година

Бр. 17-546/5
23.06.2020

Претседател на Советот на Општината
**БЛАГОЈА СТАНОЈОСКИ**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13, 18/14 и 10/19 година/, донесувам

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување на Одлуката за измени на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2020 година**

1.Ја објавувам Одлуката за измени на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2020 година донесена на 39-та седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 23.06.2020 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.08-588/3
25.06.2020 година
Демир Хисар

Општина Демир Хисар
Градоначалник
Марјанче Стојановски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13, 18/14 и 10/19 година/, донесувам

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување на Одлуката за давање согласност за намена на инвестиција и за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проектот "Јакнење на регионалните капацитети за одржување и заштита на патната инфраструктура во Пелагонискиот регион"**

1.Ја објавувам Одлуката за давање согласност за намена на инвестиција и за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проектот "Јакнење на регионалните капацитети за одржување и заштита на патната инфраструктура во Пелагонискиот регион"донесена на 39-та седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 23.06.2020 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.08-588/4 Општина Демир Хисар
25.06.2020 година Градоначалник
Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 91, став 3 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар" бр. 03/02), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 23.06.2020 година, ја донесе следнава

**ОДЛУКА**
**за изменување на Одлуката за давање согласност за намена на инвестиција и за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проектот "Јакнење на регионалните капацитети за одржување и заштита на патната инфраструктура во Пелагонискиот регион"**

Член 1

Во Одлуката за давање согласност за намена на инвестиција и за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проектот "Јакнење на регионалните капацитети за одржување и заштита на патната инфраструктура во Пелагонискиот регион" („Службен гласник на Општина Демир Хисар" бр.12/2019) во член 2 износот "6.600.000,00" се заменува со износот "7.068.200,00", а износот "3.149.434" се заменува со износот "3.617.634,00".

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Демир Хисар".

Бр. 17-546/6 Претседател
23.06.2020 на Совет на Општина Демир Хисар
Демир Хисар Благоја Станојоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13, 18/14 и 10/19 година/, донесувам

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување на Одлуката за усвојување на извештајот од извршениот вонреден попис на основни средства и ситен инвентар во ТППЕ во општина**

**Демир Хисар, бр.08-483/3 од 15.06.2020 година**

1.Ја објавувам Одлуката за усвојување на извештајот од извршениот вонреден попис на основни средства и ситен инвентар во ТППЕ во општина Демир Хисар, бр.08-483/3 од 15.06.2020 година донесена на 39-та седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 23.06.2020 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.08-588/5 Општина Демир Хисар
25.06.2020 година Градоначалник
Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.

Врз основа на член 36 став1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002 ) член 34 од Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници („Службен весник на РМ " бр.28/2003,62/2006,8/2009) и член 43 став 1 точка 10 од Статутот на општина Демир Хисар („Службен гласник на општина Демир Хисар" бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14 и 10/19), Советот на општина Демир Хисар, на седницата одржана на ден 23.06.2020 година, донесе:

**О Д Л У К А**

За усвојување на извештајот од извршениот вонреден попис на основни средства и ситен инвентар во ТППЕ во општина Демир Хисар, бр.08-483/3 од 15.06.2020 година

Член 1

Се усвојува извештајот од реализираниот вонреден попис на основните средства и ситен инвентар во ТППЕ при општина Демир Хисар, бр.08-483/3 од 15.06.2020 година, кој е составен дел на оваа Одлука

Член 2

Се врши расходување на основни средства и ситен инвентар наведени во извештајот од извршениот вонреден попис на основни средства и ситен инвентар во ТППЕ во општина Демир Хисар, бр.08-483/3 од 15.06.2020 година.

Член 3

Бидејќи основни средства и ситен инвентар наведени во извештајот немаат книговодствена вредност, истите да се уништат од страна на ЈКП Комуналец Демир Хисар, освен возило Лада Нива со инвентарен број 0293 кое ќе се отуѓи по пат на јавно наддавање.

Член 4

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр. 17- 546/7 Совет на Општина Демир Хисар
23.06.2020 година Претседател,
Демир Хисар Благоја Станојоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /„ Службен весник на РМ„ бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /„Службен гласник на Општина Демир Хисар„ бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13, 18/14 и 10/19 година/, донесувам

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување на Одлуката за одобрување на Архитектонско урбанистички проект**

1.Ја објавувам Одлуката за одобрување на Архитектонско урбанистички проект по поднесено барање од страна на Друштво за градежништво и проектирање Ди Вентура ДОО Битола во име на инвеститорот Друштво за производство и трговија ЕУРО КАНН увоз-извоз ДОО Демир Хисар донесена на 39-та седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 23.06.2020 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.08-588/6 Општина Демир Хисар
25.06.2020 година Градоначалник
Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.

Врз основа на член 51, став 3 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18, 168/18), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 23.06.2020 год. донесе

**ОДЛУКА**
**За одобрување на Архитектонско урбанистички проект,**

**Член 1**

Да се спроведе постапка за заверка – одобрување на Архитектонско Урбанистички Проект (АУП) за препарцелација на ГП на КП бр. 233/1, КП бр. 233/2, КП бр. 233/3, КП бр. 233/4, КП бр. 233/5 и КП бр. 233/6, КО Стругово, согласно ДУП за Индустриска зона – Демир Хисар, донесен со Одлука бр. 08-120/1 од 02-09-1994год., изработен од страна на ТИПИНГ ДООЕЛ Велес, ревидиран од дооел „ПЕРКАН ПРОЕКТ“ Прилеп, од мај 2020год. Опфатот на АУП изнесува 58580м$^2$, основна класа на намена Г2 – Лесна и незагадувачка индустрија, во која влегуваат сите видови производство кои не побаруваат многу енергија, не создаваат голем промет на суровини, материјали и сообраќај и не произведуваат штетни влијанија.

Со ова барање – иницијатива поднесена од страна на Друштво за градежништво и проектирање Ди Вентура доо – Битола, а во име на инвеститорот Друштво за производство и трговија ЕУРО КАНН увоз-извоз ДОО Демир Хисар, ке се изврши препарцелација на Градежната парцела, која е предвидена во ДУП за изндустриска зона во Демир Хисар, со што ке се дефинираат нови градежни парцели, во кои ке бидат предвидени површини за градење на повеќе градби, согласно со процентот на изграденост на земјиштето.

Согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање, урбанистичко-проектната документација се внесува во Годишната програма на општината за урбанистичко планирање. Под урбанистичко-проектна документација се подразбира Архитектонско урбанистички проект и Проект за инфраструктура.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ке се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар

Бр. 17- 546/8 Совет на Општина Демир Хисар
23.06.2020 година Претседател,
Демир Хисар Благоја Станојоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /„ Службен весник на РМ„ бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /„Службен гласник на Општина Демир Хисар„ бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13, 18/14 и 10/19 година/, донесувам

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување на Одлуката за вклопување на бесправно изградени објекти во идна урбанистичко планска документација**

1.Ја објавувам Одлуката за вклопување на бесправно изградениобјекти во идната планска документација, на КП бр. 400, КО Базерник, по барање за утврдување статус на бесправно изградени објекти наЦане Ѓорески од с.Суводол, Демир Хисардонесена на 39$^{-та}$ седница на

Совет на Општина Демир Хисар одржана на 23.06.2020 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.08-588/7 Општина Демир Хисар
25.06.2020 година Градоначалник
Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.

Врз основа на член 8од Законот за постапување со со бесправно игградени објекти, (Сл. Весник на РМ бр. 23/2011, 54/2011, 155/2012, 72/2013, 44/2014, 115/2014, 124/2015, 217/2015 и 190/2017) Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во Урбанистичко планска документација (Сл. Весник на РМ бе. 56/2011), член 22 став 1 точка 1 и точка 2од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02), член 15 и член 43 од Статутот на Општина Демир Хисар (Сл.гласник на Општина Демир Хисар бр. 3/2002год.), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 23.06.2020год. донесе

**ОДЛУКА**

*За вклопување на бесправно изградени објекти во идна урбанистичко планска документација*

**Член 1**

Се донесува Одлука за вклопување на бесправно изградениобјекти во идната планска документација, на КП бр. 400, КО Базерник, по барање за утврдување статус на бесправно изградени објекти наЦане Ѓорески од с.Суводол, Демир Хисар.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар

Бр. 17- 546/9 Совет на Општина Демир Хисар
23.06.2020 година Претседател,
Демир Хисар Благоја Станојоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13, 18/14 и 10/19 година/, донесувам

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување на Одлуката за изменување и дополнување на ПРОГРАМАТА за донесување на урбанистичките планови за Општина Демир Хисар за 2020година**

1.Ја објавувам Одлуката за изменување и дополнување на ПРОГРАМАТА за донесување на урбанистичките планови за Општина Демир Хисар за 2020година донесена на 39-та седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 23.06.2020 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.08-588/8 Општина Демир Хисар
25.06.2020 година Градоначалник
Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.

Врз основа на член 20, став 9 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 199/14,

44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18, 168/18), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 23.06.2020 год. донесе

**О Д Л У К А**

***За изменување и дополнување на ПРОГРАМАТА за донесување на урбанистичките планови за Општина Демир Хисар за 2020год.***

**Член 1**

Во членот 1, во глава VI, која се однесува на изработка на Урбанистичко-проектна документација, се додава нова точка која гласи:

1. Да се спроведе постапка за заверка – одобрување на Архитектонско Урбанистички Проект (АУП) за препарцелација на ГП на КП бр. 233/1, КП бр. 233/2, КП бр. 233/3, КП бр. 233/4, КП бр. 233/5 и КП бр. 233/6, КО Стругово, согласно ДУП за Индустриска зона – Демир Хисар, донесен со Одлука бр. 08-120/1 од 02-09-1994год., изработен од страна на ТИПИНГ ДООЕЛ Велес, ревидиран од дооел „ПЕРКАН ПРОЕКТ" Прилеп, од мај 2020год. Опфатот на АУП изнесува 58580м$^2$, основна класа на намена Г2 – Лесна и незагадувачка индустрија, во која влегуваат сите видови производство кои не побаруваат многу енергија, не создаваат голем промет на суровини, материјали и сообраќај и не произведуваат штетни влијанија.

2. Во членот 1, во глава VIII, се додава една нова точки која се однесува на Законот за постапување со бесправно изградени објекти и тоа:
   -Се донесува Одлука за вклопување на бесправно изградени објекти во идната планска документација, на КП бр. 400, КО Базерник, по барање за утврдување правен статус на бесправно изградени објекти на Цане Ѓорески, с.Суводол, Демир Хисар.

**Член 2**

Измените на Програмата за урбанистички планови за 2020год. за општина Демир Хисар влегуваат во сила со денот на донесување, а ќе се објави во Службен весник на Општина Демир Хисар.

Бр. 17- 546/10 Совет на Општина Демир Хисар
23.06.2020 година Претседател,
Демир Хисар Благоја Станојоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13, 18/14 и 10/19 година/, донесувам

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување на Одлуката за реонизација на основните општински училишта на територијата на општина Демир Хисар**

1.Ја објавувам Одлуката за реонизација на основните општински училишта на територијата на општина Демир Хисар донесена на 39-та седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 23.06.2020 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.08-588/9 Општина Демир Хисар
25.06.2020 година Градоначалник
Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.

Согласно член 22 став 8 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/02),член 63 став (5) ) од Законот за основно образование (Сл. весник на РСМ бр. 161/2019) и член 43 точка 20

од Статутот на општина Демир Хисар (Сл. гласник на општина Демир Хисар бр.3/02, 4/05, 7/09,16/13,18/14 год.) Советот на општина Демир Хисар на седница одржана на ден 23.06.2020 година донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА РЕОНИЗАЦИЈА НА ОСНОВНИТЕ ОПШТИНСКИ УЧИЛИШТА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР**

Член 1

Со оваа Одлука се утврдуваат реоните на основните училишта во општина Демир Хисар.За секое училиште посебно се утврдува реонот или територијата на основните училишта во општина Демир Хисар, од која основните училшта ќе ги опфаќаат учениците за запишување во училштата.

Член 2

Основното училиште е должно да ги опфати учениците од својот реон.Реонизацијата има за цел да обезбеди рамномерен прилив на ученици во општинските основни училишта и рационално искористување на училишните капацитети во општина Демир Хисар.

Член 3

Родителот,односно старателот има право да го запише детето во основното училиште во реонот во кој живее, или каде што постојано престојува.
Родителот, односно старателот може да го запише детето во друго основно училиште во истиот или друг реон ако за тоа има согласност од училиштето во кое се запишува и од училиштето од реонот во кој живее или каде што постојано престојува.

Член 4

Основното училиште може да запише ученици од друг реон или од друга општина само доколку има слободни места за запишување или доколку ученикот од другиот реон или општина нема можност за следење на настава на својот мајчин јазик во својот реон или општина.

Член 5

Во текот на школувањето ученикот може да премине во друго основно училиште ако има согласност од училиштето во коешто преминува.

Член 6

На подрачјето на општина Демир Хисар се утврдуваат 3 реони на општински основни училишта во кои се запишуваат ученици од прво до деветто одделение со цел за сеопфатно и задолжително образование и тоа :

**1. Реон на ООУ„Гоце Делчев„Демир Хисар**
**1.1.Реон на ООУ„Гоце Делчев„Демир Хисар - матична зграда,** се наоѓа на ул.Битолска бб. Демир Хисар,.која е и дел од регионалниот пат Битола - Кичево. (Овој реон ги опфаќа учениците кои посетуваат настава од прво до деветто одделение а кои живеат во:
- ✓ Урбаната населба Демир Хисар,
- ✓ Населените места ; с.Белче,с.Бараково,с.Граиште,с.Загориче,с.Утово,с.Прибилци , с.Стругово,с. Сладуево,с.Кочиште,с.Ракитница,с.Растојца, с.Ново Село.с,Суводол,с.Кутретино,с.Вардино,с.Единаковци,с.Света,с.Слепче и с.Журче.

**1.2.Реон на ООУ„Гоце Делчев„Демир Хисар - Подрачно училиште во с.Суводол** - одделенска настава од прво до петто одделение**.**
(Овој реон ги опфаќа учениците кои живеат во населените места Суводол и Кутретино).

**1.3.Реон на ООУ„Гоце Делчев„Демир Хисар - Подрачно училиште во с.Вардино,** за одделенска настава на ученици од прво до петто одделение**.**

(Овој реон ги опфаќа учениците кои живеат во населеното место с. Вардино).

**1.4.Реон на ООУ„Гоце Делчев„Демир Хисар - Подрачно училиште во с.Единаковци,** за одделенска настава на ученици од прво до петто одделение.
(Овој реон ги опфаќа учениците кои живеат во населеното место с.Единаковци).

**1.5.Реон на ООУ„Гоце Делчев„Демир Хисар - Подрачно училиште во с.Света,** за одделенска настава на ученици од прво до петто одделение.
(Овој реон ги опфаќа учениците кои живеат во населеното место с.Света ).

**1.6.Реон на ООУ„Гоце Делчев„Демир Хисар - Подрачно училиште во с. Слепче**, за одделенска настава на ученици од прво до петто одделение.
(Овој реон ги опфаќа учениците кои живеат во населеното место с. Слепче).

**1.7.Реон на ООУ„Гоце Делчев„Демир Хисар - Подрачно училиште во с.Журче**, за одделенска настава на ученици од прво до петто одделение.
(Овој реон ги опфаќа учениците кои живеат во населеното место с.Журче).

**2.Реон на ООУ„БраЌа Миладиновци„с.Жван**

**2.1.Реон на ООУ„БраЌа Миладиновци„с.Жван - матична зграда,** сместена во атарот на село Жван,место викано Отрап,на регионалниот пат Битола - Кичево. (овој реон ги опфаќа учениците кои посетуваат предметна настава од шесто до деветто одделение од населените места:.с.Жван, с.Доленци, с.Мренога, с.Вирово, .с.Слоештица, с.Сопотница, с.Базерник, с.Брезово, с.Бабино, с.Радово, с.Мало Илино, с.Големо Илино, с.Зашле, с.Церово, с.Лесково, с.Суво Грло, с.Боиште, с. Велмевци и с.Железнец.

**2.2.Реон на ООУ„БраЌќа Миладиновци„с.Жван - втора зграда**, за одделенска настава на ученици од прво до петто одделение.
(Овој реон ги опфаќа учениците кои живеат во населеното место с.Жван).

**2.3.Реон на ООУ„Браќа Миладиновци„с.Жван - Подрачно училиште с.Вирово,** за одделенска настава на ученици од прво до петто одделение.
(Овој реон ги опфаЌа учениците кои живеат во населеното место с.Вирово).

**2.4.Реон на ООУ„Браќа Миладиновци„с.Жван - Подрачно училиште с.Доленци,**за одделенска настава на ученици од прво до петто одделение.
(Овој реон ги опфаќа учениците кои живеат во населеното место с.Доленци и с.Мренога).

**2.5.Реон на ООУ„Браќа Миладиновци„с.Жван - Подрачно училиште с.Слоештица,**за одделенска настава на ученици од прво до петто одделение.
(Овој реон ги опфаЌа учениците кои живеат во населеното место с.СлоеШтица).

**2.6.Реон на ООУ„Браќа Миладиновци„с.Жван - Подрачно училиште с.Сопотница,** за одделенска настава на ученици од прво до петто одделение.
(Овој реон ги опфаќа учениците кои живеат во населеното место с.Сопотница).

**3.Реон на ООУ„Даме Груев„с.Смилево**

**3.1.Реон на ООУ„Даме Груев„с.Смилево - матична зграда**
(овој реон ги опфаќа учениците кои посетуваат настава од прво до деветто одделение а живеат во населените места с.Смилево и с. Обедник).

**3.2.Реон на ООУ„Даме Груев„ с.Смилево - Подрачно училиште с.Обедник,**за одделенска настава на ученици од прво до петто одделение (

(овој реон ги опфаќа учениците кои живеат во населеното место с. Обедник).

Член 7

Им се укажува на општинските основни училишта при запишувањето на учениците да ги почитуваат своите реон на опфат на ученици.

Член 8

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општина Демир Хисар.

Бр. 17- 546/11 Совет на Општина Демир Хисар
23.06.2020 година Претседател,
Демир Хисар Благоја Станојоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13, 18/14 и 10/19 година/, донесувам

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување на Решение за давање на согласност на Одлуката за утврдување на пречистен текст на Статутот на Јавното претпријатие ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар**

1.Го објавувам Решението за давање на согласност на одлуката за утврдување на пречистен текст на Статутот на јавното претпријатие ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар донесено на 39-та седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 23.06.2020 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.08-588/10 Општина Демир Хисар
25.06.2020 година Градоначалник
Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр.38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 6/12 , 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 ), член 43 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар“ бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 23.06.2020 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за давање на согласност на Одлуката за утврдување на пречистен текст на Статутот на Јавното претпријатие ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар**

1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Одлуката за утврдување на пречистен текст на Статутот на Јавното претпријатие ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар донесен на седницата на Управниот одбор на Јавното претпријатие одржана на ден 11.05.2020 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Демир Хисар“.

Бр. 17- 546/12 Совет на Општина Демир Хисар
23.06.2020 година Претседател,
Демир Хисар Благоја Станојоски с.р.

**Јавно претпријатиеДЕХИ ТРАНС Демир Хисар**

# СТАТУТ
**Јавно претпријатиеДЕХИ ТРАНС Демир Хисар**

**(пречистен текст)**

**Демир Хисар, Мај2020**

Врзоснова на член 19 став 2 точка 1 од Законот за јавни претпријатија(„Службенвесник на РМ“ бр. 38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 06/12, 119/13 , 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19) и член 14 од Одлуката за основање на Јавно претпријатие ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар“ бр.16/2019 и 5/2020), Управниотодбор на ЈавнотопретпријатиеДЕХИ ТРАНС Демир Хисар, на седницатаодржана на ден11.05.2020 година донесе

**СТАТУТОТ**
**на Јавно претпријатиеДЕХИ ТРАНС Демир Хисар**
**(пречистен текст)**

## 1. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со Статутот на ЈавнотопретпријатиеДЕХИ ТРАНС Демир Хисар, поблиску се уредуваорганизацијата, управувањето и раководењето со Јавнотопретпријатие, општитеакти и постапката за нивнотодонесување, како и другипрашања од значење за извршување на дејноста и работењето на Јавнотопретпријатие.

**Член 2**

Советот на Општина Демир Хисар еоснивач на јавнотопретпријатие и гиимаситеправаи обврски кои произлегуваат од законот и другитепрописи.

**Член 3**

Јавнотопретпријатие се основазаради вршење на дејности од јавенинтерес.

**Член 4**

Јавнотопретпријатиеимасвојство на правнолице.
Јавнотопретпријатие во правниотпромет со трети лица истапува во своеиме и за својасметка во рамките на запишаните дејности во Централниотрегистар на РепубликаСеверна Македонија.
За обврскитеспрематрети лица преземениво своеиме и за својасметка, јавнотопретпријатиеодговара со сиотсвојимот.

**Член 5**

Јавнотопретпријатие е основано со Одлукабр. 17- 1006/5 од 13.11.2019 година донесена од страна на Советот на Општина Демир Хисар.

## 2. ФИРМА И СЕДИШТЕ

**Член6**

Фирмата на јавнотопретпријатиегласи:
Јавно претпријатиеДЕХИ ТРАНС Демир Хисар

Скратениот назив на фирмата гласи:
ЈП ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар

**Член 7**

Седиштето на јавнотопретпријатие е во Демир Хисар, на ул."Битолска" број8. За промена на фирмата и седиштето на јавнотопретпријатиеодлучуваУправниотодбор на истотопо претходно добиенасогласност од основачот, Совет на Општина Демир Хисар.

**3. ПЕЧАТ И ШТЕМБИЛ**

**Член 8**

Во своетоработењејавнотопретпријатиеупотребувапечат и штембил.
Печатотимаоблик на круг, со пречник од 40мм, во кој е впишантекстот:

Јавно претпријатие ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар
Секојпечатсодржиреденбројподкој е издаден.

**Член 9**

Штембилотимаформа на правоаголник со димензии 60 ммх 30 мм и на него е впишантекстот:

ЈП ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар
Број ________________
Дата ________________

**Член 10**

Начинот на употребата, ракувањето и чувањето на печатот и штембилот на јавнотопретпријатие се регулира со одлука на Директорот, согласноЗаконот.
За употреба и чување на печатот на јавнотопретпријатие сеодговорнилицата кои ќегиодредиДиректорот.

**Член 11**

Јавнотопретпријатиеможеда имаамблем со кој се создававизуеленидентитет на истотокој ја симболизиранеговатадејност.

**4. ЗАСТАПУВАЊЕ И ПРЕТСТАВУВАЊЕ**

**Член 12**

Во рамките на своитеовластувања, јавнотопретпријатиегозастапува и претставуваДиректорот на јавнотопретпријатие. Директорот на јавнотопретпријатиеможепрекуписменополномошно да овластидруголице да гозастапува и претставувајавнотопретпријатие.
Содржината и обемот на овластувањето од претходниотставгоопределуваДиректорот на јавното претпријатие.

**5. ДЕЈНОСТ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ**

**Член 13**

Основнадејност на јавното претпријатие е:

49.31 Градски и приградски патнички копнен транспорт
Градски и приградски копнен превоз
49.39 Други патнички копнен транспорт неспомнат на друго место
Редовен автобуски превоз линиски
Чартер превоз екскурзии и други повремени услуги на превоз
Работа на автобуси за превоз на ученици и автобуси за превоз на вработени

Јавното претпријатие ги врши и дејностите

52.21 Услужни дејности поврзани со копнен превоз
- дејности поврзани со копнен превоз на патници ,животни или стока
    - работи на патишта , мостови, тунели, паркиралишта, или јавни гаражи и паркиралишта за велосипеди,
- складишта за станбени автоприколки во зима

Заради остварување на својата претежна дејност јавното претпријатие врши активности врзани за копнениот превоз на патници , животни или стоки.

**Член 14**

Јавнотопретпријатиедејностите од јавенинтересгивршитрајно и безпрекин и неговатаработа е јавна и транспарентна, во согласност со законот, овојСтатут и меѓународнитефинансискистандарди за јавниотсектор.
